# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 27-а став 1 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/08, 64/09, 88/10, 23/11 и 53/11), министерот за транспорт и врски, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ПО ПОДНЕСЕНА ЖАЛБА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на известувањето за недонесување на решение по поднесена жалба во рок утврден со член 27 став (4) од Законот за јавна чистота.

## Член 2

Известувањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец „Известување за недонесување на решение по поднесена жалба", кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот е во формат А 4 во бела боја кој содржи: во горниот лев агол назив на органот до кој се поднесува известувањето, број и датум, во средишниот дел назив на известувањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице - подносител на известувањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице - подносител на известувањето, краток опис поради што се поднесува известувањето и место за потпис на подносителот на известувањето.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-6451

16 мај 2011 година

Скопје

Министер,

**Миле Јанакиески,** с.р.